ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **05.07.2022 година** во 08:00 часот во Мала сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**,Секретар на Општина Крива Паланка **АнтониоДавитковски,** Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски** Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура **Маја Костадиновска,**Раководител на одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,**Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**,Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски,**Раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на одделение за финансиски прашања **Марија Златановска**, Раководител со овластување на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Валентина Ангеловска** ,Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски,** Директорот на ЈП Комуналец **Миле Марковски и Драган Цвијовиќ**-подршка на градоначалникот.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Сашко Митовски го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар на Општина Крива Паланка**

Од страна на Секретарот на Општинат аАнтонио Давитковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1. Да се преземе контрола и организација околу почитување на работното време и работата на администрацијата со новиот систем за работно време и истиот да биде ставен во функција од Понеделник (08.07.2022 година).

2.Да се води книга за прием на странки во општината

3.Да се задолжат Гоце Георгиевски и Грозде Петковски по 4 часа за дежурство на влезната врата

4. Да се продолжи постапката за Дом на култура .

5.Светлата кои не се во функција да бидат сменети на Градски плоштад и Градски стадион.

6.Да се види зошто нема светло на спортскиот комплекс ако е потребно да се исконтактира и ЕВН.

7.Да се види до каде се подготовките за одржување на манифестација Краиште 2022,Петровден – меѓународен собир во с.Голеш.

8.Да се заврши постапката со футсал клубот.

9.Да се види за Совет за превенција

10.Да се отстрани забелешката за Адреналински парк заедно со Валентина Ангеловска Мартин Николовски и Сашко Додевски.

11.Да се преземат активности околу приклучок за струја со ЕВН за куќичките на соларски мост.

12.Да се продолжи со тековните активности.

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

За Раководителот на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој Мартин Николовски, во врска со планираните активности во нареден период:

1.Работен состанок за комплетирање на документација за поднесена апликација за изградба на Адреналински парк Калин Камен.

2.Да се следи динамика на повикот IPA CBC,Косово -РСМ и доколку се најде партнер општина да се дефинира предлог-проект.

3.Во месец Август е најавен повик од Министерство за култура за капитални проекти ,општината да дефинира предлог проект за апликација.

4.Да се одржи работен состанок за решавање на проблемот со детската градинка ,,Детелинка’’.

. Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

Од страна на Раководителот на одделението за финанскиски прашања Марија Златановска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.

1.Да се види со улично осветлување во населба Мизовски ливади покрај пат кој е во изградба.

2.Да се направи анализа на потребите на крпење на ударни дупки на улиците во градот и пристапните патишта (над Манастир кон Варовиште).

3.Состанок со претставници од Министерство за одбрана за помош во поправка на локални патишта во координација со (Бранко Велиновски и Блаже Илиевски).

.

4.Да се продолжи со асфалтирање на пристапен пат и детско игралиште во населба Лозаново.

5.Да се биде во постоен контакт со фирми за проектирање (Кире Велески).

6.Да се најде решение и да се изведе атмосферска канализација на улица Херој Карпош кон Куков Дол.

7.Да се спуштат шахтите заедно со ЈП Комуналец кај детската градинка Детелинка и да се изврши бетонирањето околу зградата.

8.Да се даде налог на фирмата Мелтон за изработување на канделабри за осветлување на неформалниот паркинг

9.Да се дадат налози за проценка за с.Мартиница

10.Да се одржи состанок со проектантите од ЈПДП за магистралата

11.Да се отпочне постапка за проценка и експропријација за колекторот

12.Да се спуштат шахтите заедно со ЈП Комуналец кај детската градинка Детелинка и да се изври бетонирање околу зградата

13.Да се извршат градежните активностиво

-Населба Кошари

-Речното корито

-Лозаново на игралиштето и пристапниот пат

-Ул,,Пиринска,,

14.Да се преземат активностите околу проблемот со атмосверската вода во КУ=уков Дол.

15..Тековни активности.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Од страна на Раководителот на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура Маја Костадиновскабеше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1.Ургентен допис до ДИКОР-Струмица/ТАВ/ТИМ за продолжеток на работи на локален пат Чивлк-с.Конпоница.

2.На ден 08.07.2022 година(Петок) ВО 10 часот состанок со ЈПДП околу проектирање и изведба на магистрален пат.

3..Да се продолжи со сите градежни активности на терен.

4.Да се преземе активност заедно со ЈП Комуналец околку расчистување на парцелата кај Треска за да може да излезе комисијата на лице место.

5.Да се продолжат активностите ,заедно со Зоран Павловски ,околу локацијата за депонијата на инертен отпад.

6.Да се види до каде е постапката за проектирање на главната улица.

7.Да се продолжат активности околу донесувањето на ГУП-от на Крива Паланка и другите планови

8.За ул,,Вршачка да се потпишат изјавите и да се оди со тековно одржување

9.Да се преземат активности за авионско прскање на комарци помеѓу 01.07.2022 година и 10.07.2022 година

10.Да се види со вработените кои работат на легализација да се даде акцент на истите и да се закаже ново примопредавање на странките решенија за легализација

11.Да севиди до каде е постапката за проектирање на главната улица

12.Заедно со Антонио Давитковски да се види за решавање на забелешките за адреналинскиот парк

13.Заедносо Никола Граматиков да се задолжат Оливер Стојановски,Стојанка М.Максимовска и Наталија Марковска за да се изготви нова одлука за комунален ред

14.Тековни активности.

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Раководител со овластување на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија Валентина Ангеловска дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1.Да се види до каде се подготовките за одржување на манифестација Краиште 2022,Петровден – меѓународен собир во с.Голеш.

2.Да се пратат повиците од МТСП,образование и секретаријатот за европски прашања .

3.Да се изготви писмено икзвестување до Македонски телеком за да си ја земат нивната опрема од општината Крива Паланка.

4 Да се направи координација и апликација околу изнаоѓање на локација за центар за стари лица

5.Да се направи координација околу организацијата на Културното лето заедно со Антонио Давитковски и Драган Величковски

6.Да се земат изјави од луѓето за проектна документација за СПАС/крст

7.Да се изготви писмено известување до Македонски телеком да си ја земат нивната опрема од Општина Крива Паланка

8.Повторно да се организира повикот за млади луѓе преку УНДП

9. Тековни активности.

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот на одделение за човечки ресурски Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1. По добивање на податоци од страна на раководителите на одделенијата да се направи план за користење на новите годишни одмори.
2. По добивање на податоци од страна на раководителите на одделенијата до 10.07 2022 година да се достави извештај за реализирани обуки, и истиот до 15.07.2022 година да биде доставен до МИОА..
3. Заедно со Даниела Велковска да се продолжи постапката за функционалната анализа;
4. Заедно со Антонио да се направи оглас за прием на нови и унапредување на постојни пожарникари;
5. Тековни активности

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на Раководителотна Одделение за правни и општи работи Даниела Велковска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1.Во координација со Игор Додевски да се отпочне со Функционалната анализа.
2.Да се преземат мерки околу организација и одржување на седници на Советот на општина и за комисиите .
3.Седницата на Совет на општина ќе биде одржана на ден 29.07.2022 година,пуштање на материјали и координација со координаторите на советничките групи на ден 23.07.2022 година.
4.Да се подобри хигиената и одржувањето на салите .
5.Да се направи записник за примопредавање за Галерија и да се утврди фактичката состојба на истата.
6.Да се изготви Известување за паркинг места позади општина.
7.Да се достави барање до Агенција за одземен имот за отстапка на две возила на Општина Крива Паланка.
8.Да се види постапката за отуѓување на стари возила на ЈП Комуналец.
9.Да се пушти оглас за е-ствари за Галерија и отуѓување на половни возила на ЈП Комуналец .
10.Да се даде писмена наредба на шефот на возниот парк околу одржувањето на хигиената на возилата.
11.Да се продолжи со експропријација за главен лев фекален колектор

12. Тековни активности.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Од страна на Раководителот за испекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1.Комуналниот и градежниот испектор заедно со лице од екипата за улично осветлување да извршат контрола на монтажните куќички на Градскиот парк со цел да се се направи увид за регулирање на плаќањето на закупнина и читање на струјомерите .

2.Комуналната и градежна инспекција да бидат постојано на терен со поголема посветеност и посериозна нивна активност.

3.Континуирана контрола на работата на ЈП Комуналец.

4.Комуналниот редар Гоце Георгиевски пола работното време ќе биде ангажиран на влезната портирница.

5.Комуналниот испектор Наталија Марковска да се ангажира во изготвување на нова Одлука за комунален ред во координација со (Оливер Стојановски и Стојанка М-Максимовска).

6.Комуналната инспекција во наредните две недели да спроведе акција за приклучување на канализација во населба Мизовски ливади посебно во аспект на тоа бидејќи има премини преку улицата којај треба да се асфалтира.

7.Да се види за алтернативно решение за депонијата за инертен отпад

8.Да се дефинира опфатот на депонијата за инертен отпад заедно со одделение за урбанизам и ооделение за правни и општи работи

9. Тековни активности.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на Директорот на ЈП Комуналец Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1.Да се продолжат активностите околу водоводот во с.Варовиште

2.Да се врши секојдневно редовно косење на зелените површини и тоа на уредените и неуредените површини.

3.Да се постават прскалки на тревата кај Бабин Дол

4.Да се регистрира новото камионче

5.Да се ангажираат дополнително луѓе за извршување на редовните активности

6.Да се иницира свикување на седница на управниот одбор и да се разгледа за лизингот за метларките и другите машини

7.Да се доставува дневен писмен извештај до 15 часот до градоначалникот за сработените рабои во текот на денот

8.Да се извршат редовните тековни активности и тоа:

-Перење на улици

-Перење на јавни површини

-Метење на главната улица

-Косење на уредените површини

-Косење на диви неуредени површини

-Хортикултурно уредување и тоа сеење на трева ,садење на цвеќе и поставување на декоративен камен

-Кастрење на гранки

9.Чистење на градот да продолжи согласно планот за чистење

10.Да се направат нови приклучоци на канализацијата во населбите Маневци,Скрљава,Мизовски ливади,Крстата падина,Бегови бавчи и с.Конопница кај Велимир.

11.На ул.,,Херој Карпош''од 2017 година има нова водоводна линија и да се отпочнат активности да се приклучат луѓето нам истата

12.Да се продолжи со постапката за донесувањето на нова организација и поставеноста во ЈП Комуналец

13.Да се преземе акција за чистење на постојните градски тоалети кои се во катастрофална состојба

14.Да се види која е цената и постапката за изнајмување на пластични тоалети

15.Да се изврши перњр на градскиот парк и плоштадот и тоа неделно 2 пати

16.Да се провери хидрантската мрежа ,бидејќи со жештините може да дојдат и пожарите

17.Да се изврши метење испод контејнерите

18.Да се врати старата организација на собирање смет и метење

19.Да се променат изгорените сијалици во речното корито

20.Да се продолжи со сеење трева од десната страна на речното корито

21.Да се санира општинскиот грб

22.Да се набават и обноват оштетените растенија во градскиот парк и стеблести ружи

23.Да се продолжи и со другите тековни активности

24.Тековни активности

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на Директорот на ЛУ Градски музеј Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Наредна недела состанок со Министерката за култура по однос на иницијтива за блок дотации за ЛУ Градски музеј –Крива Паланка.

-Тековни активности.

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

**05.07.2022 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**